# ПРЕДЛОГ ПРОЕКТ концепт

за финансирање од

**Програмата за рамномерен регионален развој 2022-2023 година**

## 1. Општи податоци

| | |
|---|---|
| Општина: | **Карбинци** |

## 2. Опис на проектот

| | |
|---|---|
| Наслов на Проектот: | **Електрификација, оградување и поставување на туристичка сигнализација на археолошки локалитет Баргала** |
| Стратегија за регионален развој на Република Македонија (2021-2031) | **Стратешка цел 2: Атрактивни плански региони со унапредени локални услуги, ефективен пристап до пазарот на труд, обезбеден повисок степен на родова еднаквост и ефективна социјална заштита на најранливите групи од населението**<br>Предлог-проектот ќе овозможи да се подобрат условите на локалитет кој има големо културно-историско значење и е дел од листата на национални заштитени објекти. Со ова, Источниот плански регион ќе добие дополнителна вредност од туристички аспект, зголемување на атрактивноста на регионот, како и нови можности за развој на претприемничките вештини кај локалното население.<br>**Приоритет 2.6: Постепено надминување на инфраструктурните диспаритети помеѓу планските региони во културата, спортот и рекреацијата, и противпожарната заштита**<br>**Мерка 2.6.4: Унапредување на културниот туризам, културните индустрии и занаети, како и независната културна сцена**<br>Воочени се сериозни диспаритети во културата каде споредбено доминираат Скопскиот и Пелагонискиот плански регион, не само во физичка инфраструктура туку и во поглед на развој на културните индустрии |
| Програма за развој на Источен плански регион (2021-2026) | Проектот е во согласност и со приоритетите и целите предвидени со Програмата за развој на Источниот плански регион 2021 – 2026 година.<br>**Стратешка цел 5: Зацврстување на Источен плански регион како атрактивна туристичка дестинација**<br>Во изминатиот период регионот успеа да го привлече вниманието на туристите и да ја презентира својата туристичка понуда на чиста и здрава околина со термални во ди и бањи, планини, цркви и манастири, но и локалните манифестации, здравата и традиционална храна и гостопримството на жителите од источниот дел. Туристичката инфраструктура на регионот е на многу пониско ниво во однос на европските стандарди. Неопходни се инвестиции за подобрување на патната мрежа која води до природните и културните локалитети како и уредување на околниот простор.<br>**Приоритет 5.2: Подобрување на туристичката инфраструктура во регионот**<br>Мерките треба воглавно да се насочат кон надминување на слабите страни: недостаток на техничка и урбанистичко-планска |

| | |
|---|---|
| | документација; комуналната и локалната патна инфраструктура се во незадоволителна состојба; јавната туристичка инфраструктура не е во добра состојба; несоодветно управување со отпадот; мал број на сместувачки капацитети; старите занаети се во изумирање; руралната архитектура не е соодветно зачувана; природниот и културно-историскиот потенцијал не се доволно искористени.<br>**Мерка 5.2.1. Подобрување на квалитетот на постојната туристичка инфраструктура**<br>**Мерка 5.2.4. Подобрување на туристичката сигнализација** |
| Област:<br><br>Под област | Туризам<br><br>Туристичка инфраструктура |
| Краток опис на проектот:<br>(дефинирање на проблемот) | Во изминатиот период Источниот плански регион успеа да го привлече вниманието на туристите и да ја презентира својата туристичка понуда на чиста и здрава околина со термални води и бањи, планини, цркви и манастири, но и локалните манифестации, здравата и традиционална храна и гостопримството на жителите од источниот дел. Туризмот во регионот бележи пораст во вкупниот број на туристи, бројот на странски туристи и бројот на ноќевања на странски туристи, додека бележи намалување во бројот на домашни туристи, вкупниот број на ноќевања на туристите и бројот на ноќевања на домашните туристи.<br>Туристичката инфраструктура на регионот е на многу пониско ниво во однос на европските стандарди, па затоа навистина се неопходни инвестиции за подобрување на состојбата и сигнализацијата во, околу и до културно-историските локалитети.<br>Со градежните активности на археолошкиот локалитет Баргала се предвидува изработка на декоративно осветлување на градбите од локалитетот и тоа на сите делови на објектот од надворешната страна и на кулите од внатрешната страна, како и на пешачките патеки во внатрешноста на локалитетот. За енергетско напојување предвидени се кабли положени во кабелски ров кој што ќе оди по постојните пешачки патеки. За осветлување на предвидени се светилки со симетрична и со асиметрична распределба на светлината со извор натриумова светилка поставени на метални столбови, а за осветлување на паркингот и базиликата предвидени се фотоволтаични светилки со ЛЕД светлосен извор монтирани на метални столбови. Со поставувањето на информативни табли и дополнителна туристичка сигнализација ќе се придонесат кон подобрување на пристапот до локалитетот на посетителите, како и организирано движење на посетителите во внатрешноста на локалитетот. Со поставување на заштитна ограда околу археолошкиот локалитет ќе се овозможи поголема заштита од несакани упади на лица кои имаат намера да извршат оштетување на делови од градбите, или да извршат присвојување на камена пластика и други керамички елементи кои се наоѓаат на локалитетот. Сите овие активности директно ќе придонесат кон создавање на услови за збогатување на туристичката понуда и развој на културен туризам низ целата година. |
| Оправданост на проектот: | Со подобрувањето на содржините на археолошкиот локалитет Баргала ќе се зголеми атрактивноста на регионот и ќе се подобрат условите за развој на туризмот и компетитивноста на Источниот плански регион во однос на останатите туристички дестинации во |

| | |
|---|---|
| | државата. Притоа, ќе се овозможи подобар пристап до културно-историското наследство независно од временските услови.<br>Проектните активности ќе придонесат и за зачувување на културно-историското наследство на регионот и преку тоа зајакнување на културниот дух на локалното население и на сите жители на Северна Македонија. Уредувањето ќе биде ставено не само во полза на туризмот, туку и во корист на наставно-образовниот процес така што основните и средните училишта ќе бидат охрабрувани за посета и организација на часови на отворено.<br>Атрактивноста на туристичките дестинации во Источниот плански регион ќе ги заинтересираат и регионалните туристички агенции да воведат и развијат домашни туристички пакети кои ќе ги нудат како на странските така и на домашните туристи.<br>Проектот ќе овозможи и развој на комплементарни економски активности (преку иницијативи за самовработување во областа на услужните дејности: туристички водичи, туристички агенции, рурален туризам, заживување на традиционалните занаети), со што ќе се генерира дополнителен приход од туристичка дејност и подигнување на животниот стандард, како и зголемување на професионалните капацитети на општините со воведување на европските модели и практики за промоција на културното-историското наследство и за привлекување на потенцијални инвеститори и туристи. |
| Регионален карактер на проектот: | Природното и културно-историското наследство на Источниот плански регион претставува одлична основа за развој на туризмот и подобрување на економијата на регионот, но сè уште недоволната препознатливоста како атрактивна дестинација на туристичките мапи не дава доволен поттик и за зголемување на инвестициите од приватниот сектор за креирање на комплементарни услуги и производи и подобрување на економската ситуација.<br>Најголем дел од културно-историското наследство е распространето во руралните средини, каде концентрацијата на населението е мала поради миграцијата село-град предизвикана од лошите услови за живот и неискористеното културно-историско наследство како потенцијал за економски развој на руралните населени места.<br>Археолошкиот локалитет Баргала во Општина Карбинци влегува во групата најпознати доцноантички градови и ранохристијански центри и е дел од најзначајното културно-историско наследство на државата. Археолошкиот локалитет е место каде се одржуваат бројни културни манифестации, но поради несоодветните услови посетеноста од љубителите на културата е концентрирана единствено во текот на денот. |
| Главна цел на проектот: | Подобрување на туристичката сигнализација и инфраструктура во Источен плански регион преку електрификација, оградување и поставување на туристичка сигнализација на археолошки локалитет Баргала |
| Специфични цели на проектот: | - Подобрување на пристапот на знаменитостите до посетителите, преку подобрување на инфраструктурата (електрично осветлување на археолошкиот локалитет Баргала), подобрувањето на условите за престој на локалитетот;<br>- Создавање на услови за збогатување на туристичката понуда и развој на културен туризам во текот на целата година и во |

| | |
|---|---|
| | вечерните часови, бидејќи преку осветлувањето на Археолошкиот локалитет Баргала ќе се содадат услови за одржување на културни настани во ноќни услови.<br>- Заштита на Археолошкиот локалитет од несакани упади на лица кои имаат намера да извршат оштетување на делови од градбите, или да извршат присвојување на камена пластика и други керамички елементи кои се наоѓаат на локалитетот. |
| Активности на проектот: | - Подобрена инфраструктура и туристичка понуда преку поставување на електрично осветлување на археолошкиот локалитет Баргала;<br>- Подобрен пристап до природното и културното наследство (независно од временските прилики);<br>- Развиени нови услуги со вклучување на приватниот сектор, (сместувачки капацитети, угостителски услуги и сл.) бидејќи со реализаицја на проектот ќе се создадат услови за подолг престој на туристите;<br>- Со спроведувањето на проектот во целост ќе се изградат предвидените содржини, кои што ќе претставуваат основа за заживување на археолошкиот локалитет „Баргала" како место за културен туризам.<br>- Проектот ќе генерира развој на комплементарни економски активности (преку иницијативи за самовработување во областа на услужните дејности: туристички водичи, туристички агенции, рурален туризам), со што ќе се генерира дополнително богатство подобрување на животниот стандард, како и зголемување на професионалните капацитети на локалната администрација со воведување на европските модели и практики за промоција на културното и историското наследство која што ќе придонесе за промоција на можностите на општината и за привлекување на потенцијални инвеститори и туристи. |
| Очекувани резултати: | Со проектот ќе се зачува автентичноста на културно-историското наследство во регионот, ќе се создадат услови за туризам и едукација со кои ќе се придонесе за поголем прилив на туристи, собирање на дополнителен приход од туристичка дејност, зголемување на економската ситуација во регионот и можности за отворање на нови комплементарни бизниси.<br>Искористување на културно-историското наследство во полза на туризам и едукација, зголемување на свесноста на населението во Северна Македонија за неговото значење, поттикнување на иновативноста и претприемничките вештини кај населението за отворање на нови бизниси кои ќе нудат комплементарни производи и услуги, анимирање на туристичките агенции во регионот за вклучување на регионот во домашната туристичка понуда.<br>Со унапредувањето на локалитетите со нови содржини ќе се подобри атрактивноста на регионот и подобро ќе се искористат туристичките потенцијали. |
| Одржливост на проектот: | Поради важноста на проектот за подобрување на регионалниот економски развој и бенефитите од конзервацијата, реставрацијата и уредувањето на двата објекта, јасно се гледа дека проектот е одржлив бидејќи создава услови за генерирање на дополнителен приход на месното население, а со тоа и приход на општините од даноци, такси, ноќевања од туристи и др.<br>Со Археолошкиот локалитет Баргала управува НИ Заводот за заштита на спомениците на културата и Музеј - Штип, кој и по |

| | |
|---|---|
| | реализацијата на проектот ќе издвојува средства за тековно одржување на објектите, како и обезбедување на средства преку комерцијално издавање за организирање на културни настани на заинтересирани субјекти.<br>Подобрувањето на содржините на локалитетот ќе им овозможи на општината, Центарот за развој на Источен плански регион и НИ Заводот за заштита на спомениците на културата и Музеј – Штип да планираат активности за иден развој на туристичките локалитети, што последователно ќе придонесе и за развој на нови бизниси и намалување на невработеноста во регионот.<br>Одржливоста на проектот треба да се гледа во поширок регионален контекст кој обезбедува доволен број на потенцијални директни и индиректни корисници кои ќе остваруваат економски активности од кои ќе се генерира приход и ќе се има интерес за развој на целиот регион. |
| Крајни корисници: | - Туристи и посетители<br>- Население<br>- Ученици<br>- Сопственици на угостителски и сместувачки објекти<br>- Туристички агенции од ИПР |
| Подготвеност на проектот за имплементација: | Основен проект за електрификација, оградување и поставување на туристичка сигнализација, извештај од ревизија, конзерваторско одобрение |
| Вкупен буџет на проектот: | 6.133.633,00 со вклучен ДДВ |
| Кофинансирање: | 674.700,00 денари со вклучен ДДВ |

# ПРЕДЛОГ ПРОЕКТ концепт

за финансирање од

**Програмата за рамномерен регионален развој 2022-2023 година**

## 1. Општи податоци

| | |
|---|---|
| Општина: | Берово |

## 2. Опис на проектот

| | |
|---|---|
| Наслов на Проектот: | **Проширување на капацитетите за сместување и грижа на стари лица во Источен плански регион - „д-р Иван Влашки“ Берово** |
| Стратегија за регионален развој на Република Македонија (2021-2031) | Политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој е дефинирана како систем на цели, инструменти и мерки насочени кон намалување на диспаритетите во степенот на развиеност во и меѓу планските региони и остварување на рамномерен регионален развој се конкретизира низ Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија, како долготраен плански документ, во кој се утврдени целите согласно Законот за рамномерен регионален развој:<br>- намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и подигнување на квлитетот на живот на сите граѓани<br>- поддршка на меѓуопштинската и прекуграничната соработка на единиците на локалната самоуправа во функција на поттикнување на рамномерен регионален развој<br>Од особено значење се и начелата за:<br>- кофинансирање - на мерките на политиката на поттикнување рамномерен регионален развој од Буџетот на РСМ, буџетите на општините, фондовите на Европсктата унија и други меѓународни извори<br>- одржливост - почитување на економските, социјалните и еколошките компоненти на равојот при креирање на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој<br>3.2. Демографски развој и подрачја со специфични развојни потреби<br>Сценарио 3 - оптимистичко сценарио:<br>-социјалната заштита би се организирала во рамки кои соодветствуваат на европските закони<br>-поголема грижа и активна вклученост на старата популација, која неминовно ќе го зголемува своето учество до крајот на оваа декада.<br><br>Стратешка цел 2: Атрактивни плански региони со унапредени локални услуги, ефективен пристап до пазарот на труд, обезбеден повисок степен на родова еднаквост и ефективна социјална заштита на најранливите групи од населението<br>Приоритет 2.3: Обезбедување на поголема социјална кохезија меѓу и во рамките на планските региони<br>Мерка 2.3.4: Унапредување на грижата за старите лица во планските региони (натамошно ширење и унапредување на мрежата и капацитетите за институционално сместување и грижа |

| | |
|---|---|
| Програма за развој на Источен плански регион (2021-2026) | за старите лица преку изградба на нови, проширување на постојните домови, или соодветна адаптација и пренамена на други капацитети)<br><br>Стратешка цел 2 – Обезбедување на квалитетни и инклузивни социјални, образовни и здравствени услуги<br><br>Приоритет 2.3: Зголемување на социјалната инклузија на сите ранливи категории<br><br>Мерка 2.1.4. Унапредување на капацитетите на социјалните установи и подобро таргетирање на социјално ранливите категории;<br><br>Приоритет 2.3: Зголемување на социјалната инклузија на сите ранливи категории<br>Мерка 2.3.1. Подобрување на сместувањето и грижата за стари лица;<br><br>Мерка 2.3.2. Подобрување на покриеноста со установи и услуги за социјална заштита |
| Област:<br><br>Под област | Социјална заштита<br><br>Социјална инклузија – грижа за стари лица |
| Краток опис на проектот:<br>(дефинирање на проблемот) | Националната стратегија за стари лица на Република Северна Македонија е основен документ со кој се идентификуваат приоритетните области и задачи за делување, со цел подобрување на квалитетот и квантитетот на живеење на старите лица. Оттука произлегува и иницијативата, а и потребата од организиран пристап кон заштитата на старите лица и изградба на домови за стари лица.<br><br>Во регионот, а и пошироко ОЈУСЗСЛ „д-р Иван Влашки“ е единствена установа за згрижување на стари лица. Тоа го потврдува и фактот дека во моментот има капацитет од 37 места и сите се пополнети.<br><br>Како оправданост и доказ дека проектот има регионална димензија е податокот за лицата кои моментално се сместени во домот, а тоа е дека од Берово во домот се сместени само 12 лица. Во домот има сместено лица од Делчево, Кочани, Виница, Штип, Македонска Каменица, Кавадарци и Пехчево. Корисници кои се на листата за сместување, исто така се од повеќе градови од Источниот плански регион па и пошироко односно од Берово, Пехчево, Делчево, Кочани, Виница, Скопје, Штип, Кавадарци, Струмица, Гевгелија, Македонска Каменица.<br><br>Со реконструкцијата на објектот се зголемува капацитетот за сместување - згрижување на стари лица.<br><br>Со самиот факт дека ваков вид на згрижување (општински домови, а не приватни) на територијата на државата има два дома од ваков тип, кои не се во регионот, му дава на проектот регионални димензии. |
| Оправданост на проектот: | Со оглед дека регионот „старее“, постоечките капацитети за згрижување на стари лица воопшто не ги задоволуваат потребите. Во регионот постои само една јавна институција со мал капацитет од 37 лица во Берово. Во овој дел треба да се искористат можностите за децентрализација и деинституционализација на социјалните услуги преку вклучување на други субјекти како |

| | |
|---|---|
| | граѓански организации и деловни субјекти како и да се искористат фондовите и донаторските средства за реализација на проекти.<br>Со реализацијата на проектот и проширувањето на капацитетите на домот ќе се овозможат:<br>- развој и зајакнување на вонинституционалните форми на грижа за ранливите категории;<br>- подобрена рамка за планирање на социјални услуги на регионално и општинско ниво;<br>- зајакнати капацитети на вработените во општините за развој на социјална заштита;<br>- унапредени капацитети на социјалните установи и подобро таргетирање на социјално ранливите категории;<br>- подобрено сместување и грижа за стари лица;<br>- подобрена покриеност со установи и услуги за социјална заштита;<br>- воспоставени мобилни социјални услуги<br>- подобрена заштита за ранливи групи; |
| Регионален карактер на проектот: | Политиката на рамномерен регионален развој е систем на цели, инструменти и мерки насочени кон намалување на регионалните диспаритети и остварување рамномерен и одржлив регионален развој на Република Северна Македонија. Државата, особено Источниот плански регион се соочува со демографски диспаритети. Поконкретно, стапките на раѓања се намалуваат, додека бројот на старите луѓе сè повеќе се зголемува. Од тие причини реална е потребата од организиран пристап кон заштитата и грижата за старите лица.<br>Воспоставувањето меѓуопштинска соработка меѓу сите општини во еден плански регион е сè почеста практика што овозможува поефикасно и поекономично вршење на надлежностите. Регионалната димензија на овој проект ќе биде оправдана преку соработката меѓу општините од целиот регион која соработка ќе се однесува на организираниот пристап кон заштита и грижа за старите лица, која е потребно општеството соодветно да ја обезбеди.<br>Домот за стари лица „д-р Иван Влашки“ во Берово, кој е единствен од таков тип во регионот и пошироко, во моментот има капацитет од 39 места. Мора да се спомене фактот дека од вкупно 37 стари лица кои се сместени во домот, само 12 лица се од Општина Берово. Другите лица кои се сместени во домот се од општините од Источниот плански регион и пошироко. |
| Главна цел на проектот: | - реконструкција со пренамена Дом за стари лица - дел 4, со што ќе се зголеми капацитетот за сместување на 28 стари лица од регионот.<br>- грижа за стари и изнемоштени лица, како и прилагодување кон новите предлог законски мерки за заштита на стари лица |
| Специфични цели на проектот: | - Поттикнување на општините за воспоставување меѓуопштинска соработка за извршување на надлежности во областа на социјалната заштита кои се однесуваат на старите лица.<br>- Со проширувањето на капацитетот на Домот за стари лица, ќе се овозможи да бидат сместени и лица од регионот, со што се продлабочува и меѓуопштинската соработка |
| Активности на проектот: | За реконструкција на објектот ќе се изведат следните позиции |

| | |
|---|---|
| | 1. Припремни работи<br>2. Расчистување и одстранување на постоечка кровна покривка, кровна конструкција, плафонот, внатрешна и надворешна столарија, дел од внатрешните ѕидови од полна тула<br>3. Земјани работи за темелни траки, тротоари и поставување на инсталации<br>4. Бетонски и армирачки работи за изведба на нова армирано бетонска конструкција<br>5. Ѕидарски работи и малтерисување<br>6. Молерофарбарски работи<br>7. Поставување на термо фасада<br>8. Изработка на нова кровна конструкција<br>9. Изработка на таванска конструкција<br>10. Поставување на кровна покривка – керамиди<br>11. Изолатерски работи<br>a. Хидроизолации<br>b. Термоизолации<br>12. Лимарски работи<br>a. Кровни опшивки<br>b. Хоризонтални и вертикални олуци<br>13. Поставување на плафон<br>a. Спуштени плафони од гипскартонски плочи<br>b. Спуштени плафони во влажни простории (тоалети, кујна, перална, трокадеро)<br>14. Поставување на нова надворешна и внатрешна столарија<br>15. Подополагачки работи<br>a. Ламелиран под<br>b. Керамички плочки<br>16. Керамичарски ѕидни работи<br>17. Инсталатерски работи<br>a. Електроинсталации<br>i. Јакострујна инсталација<br>ii. Слабострујна инсталација<br>iii. Сигнализација<br>iv. Контрола<br>b. Громобранска инсталација со уземјување<br>c. Водовод и канализација<br>i. Водовод<br>ii. Фекална канализација<br>iii. Атмосферска канализација<br>d. Парно греење<br>i. Котлара<br>ii. Развод<br>iii. Грејни тела<br>e. Климатизација<br>18. Разни и завршни работи<br>19. Чистење на објектот и отстранување и депонирање на градежен шут и отпад на депонија<br>20. Технички прием |
| Очекувани резултати: | - Со забрзаниот процес на стареење на населението се идентификуваат приоритетните области и задачи за делување, со цел подобрување на квалитетот и квантитетот на живеење на старите лица.<br>- Со реконструкијата и доградбата на четвртиот дел од постоечките објекти кај домот за стари лица ке бидат реконструирани 14 соби со сопствени тоалети во кои ќе бидат сместени корисниците, заедничка просторија за дневен |

| | |
|---|---|
| | престој. Исто така, во втората фаза од реконструкцијата ќе биде уреден и просторот во и околу четвртата ламела од Дом за стари лица.<br>- Згрижување на стари лица (нови 28 лица)<br>- Вработување (5 лица)<br>- Реконструирана зграда со површина од 710 $m^2$<br>- Обезбедени 14 соби со вкупно 28 легла |
| Одржливост на проектот: | Самиот проект - Дом за стари лица е дел од претходно веќе реализирани три фази (дом за стари лица) кој успешно функционира, успешно одрживо се управува и се одржува на принцип на самофинансирање. Потребата од таков вид на сместување е со растечки тренд, има листа на стари лица кои веќе подолго време чекаат да бидат сместени (околу 100 лица од целиот регион). МТСП со блок дотации за сместување на социјално - ранливи категории оваа буџетска година има обезбедено одредени средства кои дополнително ќе овозможат за тековно и соодветно одржување на веќе постоечкиот капацитет.<br><br>По завршувањето на проектот, вкупниот износ годишно кој како приход ќе биде обезбеден од самофинансирачки активности, од третиот дел кој ќе биде реконструиран е 6.264.000,00 денари.<br><br>Доколку го пресметаме вкупниот приход од трите ламели во Домот за стари лица на годишно ниво од самофинансирачки активности ќе биде 14.040. 000,00 денари.<br><br>Повозрасните не треба да бидат пасивни, туку активни членови на секое општество и да учествуваат во сите општествени процеси. Наша задача е да создадеме услови за ова.<br><br>Со зголемувањето на капацитетот на старечкиот дом им овозможуваме подобри услови, активно и исполнето секојдневие. |
| Крајни корисници: | Стари лица : Регион 35 % од населението кои се над 65 години (75.000)<br>Приватни фирми од регионот<br>Снабдување со продукти потребни за Домот за стари лица<br>Граѓани – семејства на згрижените лица<br>Градежни фирми, |
| Подготвеност на проектот за имплементација: | - решени имотно правни односи<br>- комплет техничка документација<br>- одобрение за градба во тек |
| Вкупен буџет на проектот: | 20.000.000,00 денари<br>15.000.000,00 ден. од Програмата за рамномерен регионален развој и 5.000.000,00 де. кофинасирање од Општина Берово |

# ПРЕДЛОГ ПРОЕКТ концепт

за финансирање од

**Програмата за рамномерен регионален развој 2022-2023 година**

## 1. Општи податоци

| | |
|---|---|
| Општина: | Виница |

## 2. Опис на проектот

| | |
|---|---|
| Наслов на Проектот: | Создавање на услови за развој на културен туризам - Реконструкција на Дом на култура Тошо Арсов – Виница |
| Стратегија за регионален развој на Република Македонија (2021-2031) | Стратешка цел 2: Атрактивни плански региони со унапредени локални услуги, ефективен пристап до пазарот на труд, обезбеден повисок степен на родова еднаквост и ефективна социјална заштита на најранливите групи од населението |
| Програма за развој на Источен плански регион (2021-2026) | Стратешка цел 5: Зацврстување на Источен плански регион како атрактивна туристичка дестинација.<br>Приоритет 5.2: Подобрување на туристичката инфраструктура во регионот<br>Мерка 5.2.1. Подобрување на квалитетот на постојната туристичка инфраструктура |
| Област:<br><br>Под област | Област: Стратешка цел 5 – Зацврстување на Источен плански регион како атрактивна туристичка дестинација<br><br>Под област: Туризам и култура |
| Краток опис на проектот:<br>(дефинирање на проблемот) | Во општина Виница не постои простор кој е соодветен за организирање на настани на локално и регионално ниво. Имајќи го фактот дека на годишно ниво имаме значајни манифестации од различни области а кои се локални, регионални и меѓународни, и фактот дека географски општина Виница се наоѓа на средишниот дел од Источно плански регион и претставува центар за организирање на настани во регионот, како голем проблем претставува непостоењето на простор за организирање на истите. Постоечкиот Дом на култура „Тошо Арсов“ во чиј склоп се наоѓа Салата за манифестации со капацитет од 300 – 400 луѓе е во руинирана состојба. Не постои систем на вентилација, ладење, греење, столаријата е дотраена и неупотреблива, санитарните чворови исто така се во лоша состојба, осветлувањето и озвучувањето се стари инсталации кои е неопходно да се заменат со нови, современи. Исто така кровниот дел кој се наоѓа над постоечките канцеларии на Домот на културата е во многу лоша состојба и при мали врнежи на дожд кровот протекува и претставува проблем при одржувањето на секојдневните активности на вработените во институцијата а кои се насочени кон културно делување на населението преку организирање на изложби, подготовки за театарски претстави, за музички настапи и сл. |
| Оправданост на проектот: | Оправданоста на проектот „Создавање на услови за развој на културен туризам - Реконструкција на Дом на култура Тошо Арсов – Виница“ се состои во обновувањето, заживувањето, создавањето на потенцијал за развој на Источно плански регион во поглед на манифестацискиот и културниот туризам кој директно ќе влијае врз подобрување на економската клима во регионот. |
| Регионален карактер на проектот: | Со проектот се промовира регионалната соработка и заеднички активности во областа на туризмот, односно проектот е насочен кон развој на манифестацискиот и културниот туризам во планскиот регион.<br>Со искористување на културните ресурси се придонесува кон развој на регионот и пошироко. |

| | |
|---|---|
| | Со реализација на проектот ќе се овозможи организирање на регионални манифестации од кои ќе имаат бенефит сите општини во Источно плански регион во текот на сите четири сезони, односно во текот на цела година. |
| Главна цел на проектот: | Главната цел на проектот е да се потикне економскиот раст на Источниот планскиот регион преку целосно искористување на ресурсите што би значело остварување на дополнителни приходи, а со тоа и подобрување на социо-економската клима во регионот. |
| Специфични цели на проектот: | Ефикасна и стабилна употреба на ресурсите на Источниот плански регион;<br>- Развивање на центар за манифестации и културни активности за зајакнување на културните и социјалните односи во регионот;<br>- Обезбедување и споделување на практично искуство стекнато за време на реализацијата на активностите од овој проект како и<br>- Вклучување на целните групи и корисниците во активностите на проектот |
| Активности на проектот: | - Формирање на тим за имплементација на проектот<br>- Постапка за доделување на договор за јавна набавка за изведување на градежните работи (објавување на оглас на веб страната на БЈН)<br>- Изведување на градежните работи<br>- Постапка за доделување на договор за јавна набавка за вршење на стручен надзор,<br>- Вршење на стручен надзор<br>- Промоција на проектот |
| Очекувани резултати: | Источниот плански регион ќе добие манифестациски културен центар, (стандардна сала), за организирање на настани како и опремени простории за одржување на активности како што се подготовки за музички настапи, за театарски претстави, за ликовни изложби и др.<br>Со реализцијата на проектот ќе се завршат и двете фази т.е. реконструкцијата на објектот и неговото опремување и истиот ќе биде ставен во употреба.<br>Со реализацијата на проектот се дава директен придонес кон заживувањето, развојот и промоцијата на културниот туризам во Источниот плански регион.<br>Се создава современ капацитет кој е во непосредна близина на Музеј Теракота Виница, што ќе даде голем придонес во неговата посетеност и во крајна сметка ќе влијае на директно подобрување на квалитетот на живот.<br>Од друга страна, домашните и странски посетители, учениците од училиштата од регионот, културните работници ќе имаат можност да развиваат креативни активности и преку зголемениот број на манифестации, изложби, театарски претстави, ќе се даде придонес за поголема едуцираност и информираност на населението од регионот.<br>Од аспект на социјална инклузивност, по завршувањето на градежните работи предвидени по проектот и по ставањето во комплетна функција на објектот, во активностите на Домот на култура Тошо Арсов ќе бидат вклучени сите ученици од училиштата вклучувајќи ги и ранливите и маргинализирани групи (деца со попреченост, деца од изолирани рурални подрачја, деца од малцинските етнички и верски заедници), како и штитениците на Дневните центри во општините во Источно плански регион. |
| Одржливост на проектот: | По завршувањето на реконструкцијата и опремувањето, објектот ќе остане во сопственост на Дом на култура Тошо Арсов Виница, кој ќе продолжи со одржувањето, заштитата и унапредувањето на новосоздадените содржини, како и нивно идно надоградување. Со објектот ќе се раководи од страна на раководното лице на Домот на културата а финансирањето ќе се реализира преку буџетот на општина Виница, и дополнителни извори преку влезниците и различни членарини за посета на обуките организирани од страна на културните работници во Домот на културата. |

| | |
|---|---|
| Крајни корисници: | 19 938 жители на општина Виница, 181 858 жители - население на Источниот плански регион, културни работници, ученици и студенти од регионот па и пошироко, ликовни уметници (одржување на ликовни изложби), домашни и странски туристи – љубители на настани од различни области. |
| Подготвеност на проектот за имплементација: | Административни, правни ризици за реализација на проектот НЕ постојат, општина Виница ги има обезбедено сите потребни одобренија и согласности.<br>Општина Виница ќе учествува со сопствено финансиско учество од 10% од вкупниот буџет на проектот или 1 177 400 денари + ддв. |
| Вкупен буџет на проектот: | **11 774 000 денари + ДДВ** |

Општина Виница, 06.04.2022 година

# ПРЕДЛОГ ПРОЕКТ концепт

за финансирање од

**Програмата за рамномерен регионален развој 2022-2023 година**

## 1. Општи податоци

| | |
|---|---|
| Општина: | Зрновци |

## 2. Опис на проектот

| | |
|---|---|
| Наслов на Проектот: | **Подобрување на состојбата со каналите за наводнување и одводнување и каскади на Зрновска река** |
| Стратегија за регионален развој на Република Македонија (2021-2031) | **С.Ц.1** Порамномерни економски развиени, еколошки, одржливи и конкурентни плански региони<br>**Приоритет 1.6** Развој на земјоделството и руралниот развој заснован на споредбени предности на планските региони<br>**Мерка 6**: Поддршка, поттикнување и создавање на предуслови за зголемување на инвестиции во извори и системи за наводнување и одводнување во Вардарскиот, Источниот и Североисточниот плански регион, како региони со најограничен пристап на земјоделските стопанства до вода<br>**Приоритет 1.7** Намалување на негативните влијанија и подобрена заштита на животната средина во планските региони, постигање поголема отпорност на климатските промени и водење подинамичен и повеќекратно зголемен инвестициски циклус<br>**Мерка 1**: Развој и унапредување на инфраструктурата за водни услуги во сите плански региони |
| Програма за развој на Источен плански регион (2021-2026) | **С.Ц.3** Одржливо управување со животната средина и природните ресурси<br>**Приоритет 3.3** Заштита на воздухот, водата и почвата<br>**Мерка 3.3.3** Регулација на речни корита<br>**Мерка 3.3.4** Рационално искористување на водните ресурси<br>**Приоритет 3.4** Справување со последиците од климатските промени |
| Област:<br><br>Под област | Животна средина; Земјоделие<br><br>Одржливо управување со природните (водни) ресурси<br>Заштита од ерозија и полави |
| Краток опис на проектот:<br>(дефинирање на проблемот) | Проектот **канали за наводнување и одводнување и каскади на Зрновска река** е проект од областите животна средина и земјоделие, а подобласти: одржливо управување со водените ресурси и заштита од ерозија и поплави. Се работи за атар на с. Зрновци, во правец на Виница (Виничка вада) и во правец на с. Мородвис (Морошка вада). Проблемот што постои години наназад а е сè поизразен во последните неколку години е огромниот недостиг на вода за наводнување како последица на климатските промени, малиот водостој на река Зрновка и нерационалното трошење на водните ресурси како резултат на лошата состојба на земјените вади и немањето на зафати за вода на реката. Ова се одразува и на состојбата со напуштени, необработени ниви што |

| | |
|---|---|
| | во денешната состојба на опасност од недостиг на храна е особено важно. Проблемот е причина и за помалиот економски бенефит за земјоделците кои не ги покриваат своите трошоци за производство или остваруваат незначителен профит поради малите приноси. |
| Оправданост на проектот: | Проектот предвидува две решенија кои носат резултати од повеќе области. Имено предвидено е бетонирање на Виничка вада (1.365м) и Морошка вада (852м) со што ќе се обезбеди брзо ефективно и рационално користење на водата за наводнување во двата правци на Зрновско поле. Станува збор за околу 1.500 жители, сопственици на парцели и 266.321м$^2$ (Морошка вада) и 841.682м$^2$ (Виничка вада) парцели земјоделско земјиште кое се наводнува. Поради нефункционалност на вадите во моментот и тешкото зафаќање на водата голем дел од овие површини не се обработуваат. Второто решение што го нуди проектот е изградба на три каскади на река Зрновка. Овие каскади ќе имаат двојна улога: успорување на брзите води на река Зрновка при обилни дождови, спречување на поплави и ерозија на земјиштето и квалитетно зафаќање на водите за двете вади Морошка вада и Виничка вада. |
| Регионален карактер на проектот: | Заштитата на животната средина и одржливото искористување на водените ресурси е глобална определба и од регионално и национално значење за РСМ.<br>Со проектот ќе се обезбедат поволни услови за спречување на поплави и ерозија, односно обезбедување на поволни услови за заштита и развој на природата и обезбедување на правото на граѓаните на здрава животна средина. Заштита на природата ќе се остварува особено во делот со управување на водните ресурси, рационално управување со одредени компоненти на биолошката и пределската разновидност, како и одржливо и рационално користење на природното богатство. Но исто така и во делот на планирањето и управувањето со просторот. Со еден збор, преку реализација на овој проект ќе се воспостави систем на заштита и управување со природата преку рационално и одржливо искористување на водните ресурси. |
| Главна цел на проектот: | Заштита на животната средина и одржливо искористување на водените ресурси |
| Специфични цели на проектот: | - Заштита од поплави и ерозија<br>- Рационално и одржливо искористување на водата за наводнување |
| Активности на проектот: | - Изградба на 3 каскади на река Зрновка<br>- Бетонирање на Виничка и Морошка вада |
| Очекувани резултати: | - подобрено, ефикасно и одржливо искористување на водите за наводнување во Зрновско поле<br>- Обезбеден пристап до вода за наводнување на 1.108 декари плодна обработлива површина<br>- Заштита од поплави и ерозија<br>- Заштита од оштетување на асфалтот на регионалниот пат Зрновци – Виница<br>- Зголемени приноси и профит на околу 1.500 земјоделци<br>- Намален број на необработени земјоделски парцели за 70% |
| Одржливост на проектот: | Согласно важноста на објектите кои ќе се изградат како резултат на проектот одржливоста е видлива сама по себе. Одржувањето на истите ќе биде одговорност на АД Водостопанство на РМ |

| | |
|---|---|
| | Скопје, подружница Кочани, но и на општина Зрновци и КЈП Водна кула. Општината во соработка со КЈП го одржува локалниот пат со кастрење и отстранување на дрвјата и растенијата, а Водостопанство Кочани секоја година ги чисти сите вади и канали за наводнување. |
| Крајни корисници: | Директни корисници: 1.500 сопственици на парцели<br>Индиректни корисници:<br>- Сите жители на с. Зрновци (заштита од поплави и ерозија)<br>- ИПР преку заштита на животната средина и заштита од поплави и ерозија, одрживо искористување на природните ресурси (вода) |
| Подготвеност на проектот за имплементација: | Изготвено комплет техничка документација со издадена градежна дозвола |
| Вкупен буџет на проектот: | 9.437.268 мкд со вклучен ДДВ |
| Кофинансирање: | / |

# ПРЕДЛОГ ПРОЕКТ концепт

за финансирање од

**Програмата за рамномерен регионален развој 2022-2023 година**

## 1. Општи податоци

| | |
|---|---|
| Општина: | Македонска Каменица |

## 2. Опис на проектот

| | |
|---|---|
| Наслов на Проектот: | **Реконструкција на помошен стадион и изградба на тартан атлетска патека** |
| Стратегија за регионален развој на Република Македонија (2021-2031) | Стратешка цел 2: Атрактивни плански региони со унапредени локални услуги, ефективен пристап до пазарот на труд, обезбеден повисок степен на родова еднаквост и ефективна социјална заштита на најранливите групи од населението<br>Приоритет 2.6: Постепено надминување на инфраструктурните диспаритети помеѓу планските региони во културата, спортот и рекреацијата и противпожарна заштита.<br>Мерка: Реконструкција и одржување на изградените објекти за спорт |
| Програма за развој на Источен плански регион (2021-2026) | Стратешка цел 5 – Зацврстување на Источен плански регион како атрактивна туристичка дестинација<br>Приоритет 5.2: Подобрување на туристичката инфраструктура во регионот<br>Мерка 5.2.1. Подобрување на квалитетот на постојната туристичка инфраструктура; |
| Област:<br><br>Под област | Туризам<br><br>Туристичка инфраструктура |
| Краток опис на проектот:<br>(дефинирање на проблемот) | Општина Македонска Каменица има голем потенцијал за развој на туризмот и тоа пред сè, на селективни форми на туризам. Согласно актуелната Стратегија за ЛЕР, анализирајќи ги постоечките услови и капацитети, приоритет во периодот до 2027 година ќе имаат инвестициите во спортски и манифестациски туризам. Во општината веќе постои значително квалитетна спортска инфраструктура (градски стадион, „Куќа на спорт“, комплетно реновирана спортска сала, мала спортска сала, отворено кошаркарско игралиште со спуртон подлога, нови тениски терени, ново повеќенаменско спортско игралиште), а во фаза на реализација е и проект за изградба на нов „Спортски комплекс“, во рамки на кој ќе има терен за ракомет, кошарка, одбојка, футсал. Дел од овој комплекс е и проектот „**Реконструкција на помошен стадион и изградба на тартан атлетска патека**“ со што Македонска Каменица и регионот ќе имаат комплетна понуда за развој на спортски туризам.<br>Реализацијата на овој проект е од суштинско значење за развој на спортски туризам во регионот, бидејќи ќе се создадат услови за комплетирање на понудата за спроведување на тренажен и подготвителен процес за повеќето индивидуални и екипни спортови, но и за организација на официјални регионални, државни и меѓународни натпревари во различни видови спортови. |

| | |
|---|---|
| Оправданост на проектот: | Општина Македонска Каменица е рударска населба и локалната економија е базирана главно на функционирањето на работата на Рудник САСА. Како приоритетни насоки во кои ќе се развива општината во идниот период се поставени развојот на селективни форми на туризам и развој на мали и средни претпријатија од областа на лесна и незагадувачка индустрија.<br>Оправданоста на проектот „**Реконструкција на помошен стадион и изградба на тартан атлетска патека**“ е во тоа што се обезбедува алтернатива за развој на локалната и регионалната економија, преку создавање на квалитетни услови за брз развој на спортски туризам. Со реализацијата на овој проект ќе се создаде заокружена спортска понуда, изградба на комплетна спортска инфраструктура и ќе се зголеми бројот на посетители, а тоа пак ќе значи зголемување на приходите на општините во ИПР од туризам. |
| Регионален карактер на проектот: | Проектот е од значење не само за Општина Македонска Каменица, туки и за општините од целиот регион. Анализите покажуваат дека во Македонска Каменица има сместувачки капацитети со околу 70 легла и дека со зголемување на бројот на посетители ќе бидат користени и сместувачките капацитети на општините од регионот, пред сè во соседните општини – Делчево, Виница, Кочани, а поголемо значење и атрактивност ќе добијат и културните и туристичките локалитети во сите општини од Источен плански регион. |
| Главна цел на проектот: | Брз и квалитетен развој на спортски туризам преку изградба на соодветна спортска инфраструктура |
| Специфични цели на проектот: | - Да се подобри спортската инфраструктура и атрактивноста на регионот преку промоција на сите регионални туристички атракции<br>- Да се придонесе за развој на други економски сектори кои имаат голем број синергии со развојот на туризмот |
| Активности на проектот: | 1. Подготовка на комплетна проектна документација<br>2. Постапка за доделување на Договор за јавна набавка (избор на изведувач)<br>3. Постапка за доделување на Договор за јавна набавка (избор на фирма надзор)<br>4. Воведување во работите<br>5. Изведување на градежните работи<br>6. Надзор над градежните работи<br>7. Технички прием<br>8 .Промоција на резултатите<br>9. Јавна кампања. |
| Очекувани резултати: | - Реконструкција и изградба на нова спортска инфраструктура<br>- Создавање на ново претпријатие кое ќе стопанисува со сите спортски капацитети во Македонска Каменица<br>- Значително зголемување на бројот на спортисти од индивидуални и екипни спортови<br>- Зголемување на бројот на нови организирани локални, регионални и државни натпревари<br>- Зголемување на број на посетители во Македонска Каменица и |

| | |
|---|---|
| | регионот<br>- Зголемено искористување на сместувачките капацитети во регионот<br>- Зголемен број на туристи<br>- Зголемени приходи и инвестиции во приватниот сектор<br>- Создавање на нови работни места. |
| Одржливост на проектот: | Проектот е одржлив сам по себе бидејќи надлежноста за одржување е на Општина Македонска Каменица и Јавно претпријатие „Камена Река“ |
| Крајни корисници: | Жителите од ИПР, спортисти и туристи, и туристички работници од регионот, од земјата и од странство |
| Подготвеност на проектот за имплементација: | Во фаза на изработка е Основен проект со Ревизија на проект, и добивање на право на трајно користење од Република Северна Македонија на Општина Македонска Каменица.<br>Одобрение за градба ќе биде обезбедено најдоцна до 15.06.2022 година. |
| Вкупен буџет на проектот: | 8.600.000,оо мкд<br>Општина Македонска Каменица ќе кофинансира 1.600.000,оо мкд |

# ПРЕДЛОГ ПРОЕКТ концепт

за финансирање од

**Програмата за рамномерен регионален развој 2022-2023 година**

## 1. Општи податоци

| | |
|---|---|
| Општина: | **Штип** |

## 2. Опис на проектот

| | |
|---|---|
| Наслов на Проектот: | **Подобрување на културно-туристичката инфраструктура во ИПР** |
| Стратегија за регионален развој на Република Македонија (2021-2031) | Проектот „Подобрување на културно-туристичката инфраструктура во ИПР“ е согласно определените стратешките цели, идентификуваните приоритети и предвидените мерки за подобрување на ситуација во и помеѓу планските регион.<br><br>**Стратешка цел 2: Атрактивни плански региони со унапредени локални услуги, ефективен пристап до пазарот на труд, обезбеден повисок степен на родова еднаквост и ефективна социјална заштита на најранливите групи од населението**<br>Ефективно и мерливо намалување на диспаритетите во социјалниот развој меѓу и во рамките на планските региони е возможно преку доследно и сеопфатно усогласување на образованието со потребите на пазарот на труд, засилена поддршка за создавање работни места за младите, жените и сите ранливи групи од населението, унапредени локални комунални и социјални услуги, обебзеден повисок степен на родова еднаквост и ефективна социјална заштита, а со цел да се зголеми атрактивноста на планските региони и да се најде начин да се задржи населението во местото на живеење.<br><br>**Приоритет 2.6: Постепено надминување на инфраструктурните диспаритети помеѓу планските региони во културата, спортот и рекреацијата, и противпожарната заштита**<br><br>При анализирањето на ситуацијата во сферата на културата во државата за потребите на Стратегијата за рамномерен регионален развој, воочени се забележливи диспаритети во културата, каде особено доминантни се Скопскиот и Пелагонискиот регион. Како би се надминала ваквата ситуација, во Стратегија се утврдени сет на мерки кои би можеле да придонесат за унапредување на културната инфраструктура.<br><br>**Мерка 2.6.4: Унапредување на културниот туризам, културните индустрии и занаети, како и независната културна сцена** |
| Програма за развој на Источен плански регион (2021-2026) | Проектот е во согласност и со приоритетите и целите предвидени со Програмата за развој на Источниот плански регион 2021 – 2026 година.<br><br>**Стратешка цел 5: Зацврстување на Источен плански регион како атрактивна туристичка дестинација**<br><br>Во изминатиот период регионот успеа да го привлече вниманието на туристите и да ја презентира својата туристичка понуда на чиста и здрава околина со термални води и бањи, планини, цркви и манастири, но и локалните манифестации, здравата и традиционална храна и гостопримството на жителите од источниот |

| | |
|---|---|
| | дел. Туристичката инфраструктура на регионот е на многу пониско ниво во однос на европските стандарди. Неопходни се инвестиции за подобрување на патната мрежа која води до природните и културните локалитети како и уредување на околниот простор.<br>**Приоритет 5.2: Подобрување на туристичката инфраструктура во регионот**<br>Мерките треба воглавно да се насочат кон надминување на слабите страни: недостаток на техничка и урбанистичко-планска документација; комуналната и локалната патна инфраструктура се во незадоволителна состојба; јавната туристичка инфраструктура не е во добра состојба; несоодветно управување со отпадот; мал број на сместувачки капацитети; старите занаети се во изумирање; руралната архитектура не е соодветно зачувана; природниот и културно-историскиот потенцијал не се доволно искористени.<br>**Мерка 5.2.3: Изградба на комунална и патна инфраструктура до и околу туристички локалитети** |
| Област:<br><br>Под област | *Туризам*<br><br>*Туристичка инфраструктура* |
| Краток опис на проектот:<br>(дефинирање на проблемот) | Проектот директно се однесува на еден од главните предизвици на Источниот плански регион, културните туристички потенцијали. Штип има големо културно наследство погодно за развој на туризмот. Географската положба на Штип и културните ресурси го прават туризмот еден од економските сектори со голем потенцијал. Потребите најчесто се поврзани со недостаток на туристичка инфраструктура и понуди кои се насочени кон развој на приоритетни сегменти во однос на развој на туризмот. Има ограничена достапност на искуства базирани на локалната култура и историја. Квалитетот на туристичките услуги и туристичката инфраструктура се се уште во голема мера под меѓународните стандарди. Недостатокот на инвестиции во физички услови на културното наследство е основната потреба во решавањето на предложениот проект. Оваа потреба е комбинирана со слабостите кои во голема мера произлегуваат од недостигот на инвестиции во инфраструктурата и промоција на туризмот на култура, што резултира со многу ограничена достапност до културно-историските знаменитости за различни настани, атракции и активности во и околу Штип и недостиг на инвестиции во градење на инфраструктура на засегнатите страни во туризмот. Затоа предлог проектот се однесува на реконструкција на главната улица во населбата Ново Село во Штип преку која се пристигнива до сите значајни културно историски знаменитости. |
| Оправданост на проектот: | Ново Село, кое е едно од најстарите населби во Штип од аспект на културата, оваа населба е многу привлечна за посетителите. Митрополитот во Штип живееше во Ново Село во првите децении на XVIII  век. Ново Село играше важна улога во текот на XIX век во будењето на националната свест и борбата против османлиското владеење. Учителствувањето на Гоце Делчев, Даме Груев и Ѓорче Петров имаше големо влијание во поттикнувањето на революционерниот дух. Улицата Крсте Мисирков која треба да се реконструира (да се поплочи за да биде автетична) во рамките на овој проект е главната улица која минува низ Ново Село и е лоцирана во близина на главниот пат од Штип кон Струмица и е |

| | |
|---|---|
| | многу лесно достапна, дури и за туристите кои за прв пат го посетуваат Штип. Водоводната, канализационата и електрична инфраструктура е веќе реконструирана за оваа улица. Од аспект на развој на туризмот, Ново Село има потенцијал за развој на културниот туризам, поради фактот што Ново Село има богата историја. Се претпоставува дека истото постои дури и пред XII век. Неколку важни објекти се лоцирани овде како: најстариот центар на Штип, црквата "Мала Богородица", споменик на културата заштитен со закон, многу стари куќи, дваесет од нив се заштитени како културно наследство, куќата каде живеел Гоце Делчев, Музејот на револуционерната организација итн. Проектот ќе создаде поволно опкружување за подобрување на културното туристичко искуство преку реконструкција и воведување на нова културна туристичка понуда и обезбедување на можности за туристи за пристап до повеќе и поквалитетни производи како и искуства околу локалната култура би ја подигнала конкурентноста на туристичката понуда која ќе има директно влијание врз приходите од туризмот во Источниот плански регион. Подобрената културна туристичка инфраструктура ќе доведе до зголемување на бројот на туристите и проширување на просечниот престој на туристите во Штип и Источниот плански регион. Со реконструкцијата и надградбата на инфраструктурата поврзана со туризмот, проектот ќе создаде туристичко пријателско опкружување за развој на туризмот во Источниот плански регион, и со искористување на туристичкиот потенцијал за развојот на туризмот ќе придонесе до подобрување на деловните активности на туристичкиот бизнис. Ова ќе доведе и до поинтензивен развој на туризмот. |
| Регионален карактер на проектот: | Проектот ќе ја зголеми меѓународната видливост и атрактивност на понудените културни туристички понуди во ИПР. Проектот има регионално влијание врз одржливиот развој преку реконструкција на инфраструктурата поврзана со туризмот во Источниот плански регион, промовирање на одржлив развој на туристички активности во Источниот плански регион, искористување на историскиот и културниот потенцијал за развој на културниот туризам. |
| Главна цел на проектот: | *Унапредување на туристичкиот развој преку креирање на услови за развој на културниот туризам.* |
| Специфични цели на проектот: | - *Еден од главните потенцијални сектори за економски развој е туризмот, а проектот ќе се осврне на предизвикот за модернизирање на туристичката инфраструктура*<br>- *Промовирање на културно наследство како предуслов за зајакнување на потенцијлот на туризмот.* |
| Активности на проектот: | *1. Постапка за доделување на Договор за јавна набавка (избор на изведувач)*<br>*2. Постапка за доделување на Договор за јавна набавка (избор на фирма надзор)*<br>*3. Воведување во работите*<br>*4. Изведување на градежните работи во должина од 300м*<br>*5. Надзор над градежните работи*<br>*6. Технички прием*<br>*7 .Промоција на резултатите*<br>*8. Јавна кампања.* |

| | |
|---|---|
| Очекувани резултати: | - *Реконструкција на туристичка инфраструктура и зголемена популарност која ќе ја подигне конкурентноста на туристичката понуда во ИПР*<br>- *Проектот има големо влијание врз создавањето на поволен услов за развој на туризмот како и популаризација на културните туристички локации.*<br>- *Проектот ќе го зајакне туристичкиот и економски развој на ИПР преку искористување на потенцијалите за културен туризам*<br>- *Зголемен број на туристи*<br>- Проектот ќе привлече понатамошни инвестиции од приватниот сектор<br>- Создавање на работни места. |
| Одржливост на проектот: | Проектот има одржливост сам по себе затоа што одржувањето на улицата Крсте Мисирков е во надлежност на Општина Штип и ЈП СТИПИОН 2011 и влегува во плановите за одржување на улици на Јавното претпријатие секоја година. |
| Крајни корисници: | Жителите во ИПР, туристи и туристички работници од земјава и странство. |
| Подготвеност на проектот за имплементација: | Проектот има Основен проект со Ревизија и Одобрение за градба. |
| Вкупен буџет на проектот: | 7.000.000,00 МКД. |
| Кофинансирање: | 10 % (700.000,00 МКД) |

# ПРЕДЛОГ ПРОЕКТ концепт

за финансирање од

**Програмата за рамномерен регионален развој 2022-2023 година**

## 1. Општи податоци

| | |
|---|---|
| Општина: | Пехчево |

## 2. Опис на проектот

| | |
|---|---|
| Наслов на Проектот: | **РЕКОНСТРУКЦИЈА И ИЗГРАДБА НА РЕКРЕАТИВЕН ЦЕНТАР ОД ОТВОРЕН ТИП НА ТУРИСТИЧКИ ЛОКАЛИТЕТ "РАВНА РЕКА" – ПЕХЧЕВО Г.П. – 9.11.** |
| Стратегија за регионален развој на Република Македонија (2021-2031) | **Стратешка цел 1:** Порамномерно економски развиени, еколошки одржливи и конкуренти плански региони низ доследно спроведена паметна специјализација и посилно стимулирање на приватните инвестиции во синергија со јавните инвестиции.<br>**Приоритет 1.1:** Програмирање и спроведување на јавните инвестиции во функција на обезбедување порамномерен регионален развој.<br>**Мерка:**Доследна примена на Законот за рамномерен регионален развој во поглед на издвојување на средствата за регионален развој најмалку во висина од 1% од БДП.<br>Целите на предлог-проектот "Реконструкција и изградба на Рекреативен центар од отворен тип на туристички локалитет "РАВНА РЕКА" – Пехчево Г.П – 9.11" за развој на туристичката инфраструктура и создавање на атрактивни и конкурентни туристички производи се во директна корелација на **Приоритет 1.1** за создавање на предуслови за инвестиции кои ќе обезбедат рамномерен регионален развој.<br>Градежните активности кои се однесуваат на реконструкцијата и изградбата на Рекреативен центар од отворен тип на туристички локалитет "РАВНА РЕКА" – Пехчево ќе создадат услови за развој на туризмот во рамки на Туристичката населба "Равна Река" Пехчево (микро локација), општина Пехчево (локација), Регион Малеш – Пијанец (микро-регионално ниво), Источен плански регион (регионално ниво) и на национално ниво преку инвестициите кои значат активна мобилност, односно современа и тематски прилагодена туристичка инфраструктура за одмор и рекреација, зголемување на физичката активност во функција на промоција на туристичките потенцијали.<br>Истотака, предлог-проектот ќе влијае на зајакнувањето на економската состојба на населението во поширокиот регион кое е зафатено со исклучително изразени депопулациски трендови на руралното население во поголемите градски центри и надвор од државата, односно ќе го подобри квалитетот на живот и ќе ја заштити животната средина како фактор на рекреација и рехабилитација на луѓето, ќе создаде услови за диверзификација на економските активности и ќе ја подобри локалната/регионалната економија. |
| Програма за развој на Источен плански регион (2021-2026) | **Стратешка цел 5:**Зацврстување на Источен плански регион како атрактивна туристичка дестинација<br>**Приоритет 5.2:**Подобрување на туристичката инфраструктура во регионот |

| | |
|---|---|
| | **Мерка: 5.2.2.:**Изградба на нова туристичка инфраструктура |
| Област:<br><br>Под област | **Инфраструктурни објекти** (градба, доградба, надградба, реконструкција, адаптација, линиски инфраструктурни објекти) и поставување на урбана опрема.<br>**Туристичка инфраструктура** (урбана опрема, спортско-рекреативни содржини и сл.). |
| Краток опис на проектот:<br>(дефинирање на проблемот) | Недостатокот на квалитетна, модерна туристичка инфраструктура и пред се атрактивна туристичка понуда се главните инхибитори на развојот на туризмот во Источниот плански регион.<br>На 12 км оддалеченост од Пехчево се наоѓа туристичката населба "Равна Река" Пехчево која е многу препознатлива на локално/регионално ниво и завзема мошне важно место во рамки на туристичката понуда во рамки на микро-регионот Малеш-Пијанец. Туристичката населба „Равна Река" Пехчево е незаобиколив дел од Туристичката дестинација бр. 5 – Малешевија и околината[1] и истата е препознаена како важен потенцијал за развој и унапредување на туризмот на локално/регионално ново.<br>На просторот на туристичката населба "Равна Река" Пехчево има изградени 2 мотели, 3 рибници и 60-на викенд куќи на жители на Пехчево, од регионот и пошироко.За населбата е изработен ДУП и има обезбеден пристап до електрифинационата мрежа со улично осветлување, водовод и канализација.Низ населбата протекува реката Брегалница (месното население реката во тој дел ја вика „Валевица" бидејќи во минатото во тој дел од горното течение на реката Брегалница имало 10-на валавници/објекти за перење на волната од овците) и во непосредна близина се наоѓаат прочуените Пехчевски водопади (Спиковски водопад, Црнодолски водопад, Водопад на Дебел рид и Љутачки водопад и повеќе атрактивни скокови/каскади кои настанале заради конфигурацијата на теренот и висинскиот пад на водата на притоките на Брегалница).<br>Локалниот пат од Пехчево до туристичката населба „Равна Река" продолжува до караулата Ченгино Кале (објект во сопственост на локалната самоуправа) и до самата граница со Бугарија, односно до најисточната точка во Македонија во месноста Ченгино Кале на Малешевските Планини (граничен камен бр. 48 со 1.754 м.н.в) или поточно месноста „Ровови" со 1.744 м.н.в. Тука на 1.690 м.н.в. се изворите на реката Брегалница која е најголема лева притока на Вардар и втора најдолга река во Македонија.<br>Туристичката населба „Равна Река" Пехчево истотака е патно поврзана и со туристичката населба „Абланица" Берово и со Беровското езеро што овозможува полесна циркулација на посетители/туристи и од другите соседни општини што придонесува за збогатување и диверзификација на туристичката понуда на (микро)регионално ниво.<br>Уредувањето на поширокатa населба за туристички цели почнува пред 10-на години кога се пробиени притапните патеки до 4-те водопади околу туристичката населба „Равна Река" со атрактивни дрвени мостови и клупи за одмор и кога првично е уреден делот на месноста „Бараки" со поставување на дрвени клупи со настрешници, уредено игралиште за фудбал, одбојка и кошарка и поставени дрвени елементи за игра за деца. Сепак, заради непрописната заштита на дрвените елементи на поставената урбана опрема (дрвени мостови, клупи, летниковци и сл.), заради |

[1] Студија на Светска Банка/ Проект за локална и регионална конкурентност

| | |
|---|---|
| | дотраеноста на истата како и заради се поизразената потреба од збогатување (квантитативно и квалитативно) на понудата и туристичката инфраструктура/урбана опрема заради континуираното зголемување на бројот на посетители на водопадите на Брегалница и поширокиот простор околу населбата потребата од реконструкција на постоечките содржини и изградба на нови елементи (соодветен објект-тоалет за посетителите, паркинг и др.) е неодминлива.<br>Од анализата на мерењето на квалитетот на туристичките услуги кои периодично ги спроведува Локалната самоуправа, една од главните забелешки на посетителите/туристите е незадоволитетнaта туристичката понуда и неквалитетна содржина за посетители во рамки на туристичката населба „Равна Река". Конкретно овој простор е традиционално место за излетници, за одмор и рекреација токму заради близината на околните природни убавини (водопадите, изворот на Брегалница целиот поширок простор е обрзнат со борови и букови шуми и сл.) и е масовно посетуван и од граѓаните кои имаат имоти во поширокиот простор на населбата „Равна Река" и нивните роднини и пријатели, фамилии со деца и повозрасни граѓани. Изминатите неколку години во кои посетата на Пехчевските водопади добија форма на организирани тури на гости и team-building од страна на локалните хотели (Хотел „ГОГОВ" Пехчево, Хотел „АУРОРА" Берово, Хотел „МАНАСТИР" Берово и др.), истотака ја потенцираа потребата од реконструкција на постоечките содржини и урбана опрема и изградба на нови, односно модерен санитарен тоалет и партерно уредени пристапни патеки до дрвените летниковци, изградба и обележување на паркинг за посетителите, збогатување на просторот со елементи за скара, информативни табли, хортикултурно уредување, осветлување, спортско-рекреативна опрема и елементи и сл..<br>За тековната состојба на месноста „Бараки" и во туристичката населба „Равна Река" да се прилагоди на современите текови и за да се обезбедат солидни услови за престој, одмор и рекреација на посетителите мора да се инвестира во уредени површини (спортски терени) со соодветна урбана опрема (летниковци, елементи за скара, клупи за одмор, канти за отпад и сл.) како и пристап до содржините (партерно уредување со бехатон плочки), паркинг простор и тоалет.<br>Новите трендови на туристичка понуда која вклучува подготовка на локална храна/специјалитети на отворено, дегустација на храна и пијалоци и разни елементи на team-building како стрелање, одбојка, фрлање на ѓуле, влечење на јаже, јавање на коњи и сл. кои во своите понуди ги применувааат и нудат локалните/регионалните угостители претпоставуваат интервенции за реконструкција на постоечките и доградба на нови туристички содржини и поставување на урбана опрема со што реално просторот ќе го заслужи името на рекреативен центар од отворен тип како што не постои во Источниот плански регион.<br>Се очекува имплементацијата на Предлог-проектот "Реконструкција и изградба на Рекреативен центар од отворен тип на туристички локалитет „РАВНА РЕКА" – Пехчево Г.П – 9.11" да има забележително влијание врз локалната/регионалната економија со тоа што ќе ја зголеми и унапреди атрактивност на самата населба „Равна Река" (се очекува зголемување на бројот на посетители и ноќевање во хотелско-угостителските капацитети во регионаот и забрзан тренд на изградба на куќи за одмор и |

| | |
|---|---|
| | угостителско-сместувачки објекти во рамки на населбата) и со тоа да придонесе кон севкупниот развој на туристичката инфраструктура и градењето на регионален туристички производ кој ќе вклучува еднодененвен или неколку дневен престој на туристи со поврзување и комбинирање на понуда на разновидни содржини:<br>❖ Природа:<br>Туристичката населба „Равна Река" Пехчево<br>Беровско езеро и населба „Абланица" Берово<br>Планина Голак, Кукуље Делчево и др. содржини<br>❖ Традиции и наследство:<br>Фестивал на дувачки оркерсти, Пехчевски<br>Павловден Пехчево<br>Етно Сквер Фестивал Берово<br>Фестивал Делчево Фест Делчево и др. содржини<br>❖ Историја:<br>Археолошки локалитет Св. Петка Пехчево<br>Палеонтолошко наоѓалиште Делчево и др. содржини<br>❖ Гастрономија |
| Оправданост на проектот: | Проектот „Реконструкција и изградба на Рекреативен центар од отворен тип на туристички локалитет „РАВНА РЕКА" – Пехчево Г.П – 9.11" е во суштина проект кој претпоставува влог во сеопфатен развој на туризмот на регионално ниво, односно инвестиција која е резултат на специфичната понуда која природата ја овозможила во рамки на изворишниот дел на реката Брегалница и оттаму вложувањето во туристичка инфраструктура (уредени излетнички терени, простор за подготовка на храна на отворено, спортско-рекреативни содржини, близина до други уредени занаменитости/Водопади на Брегалница и др.) ќе претпостави услови за создавање на регионален туристички производ кој ќе се состои од изградба на модерна туристичка инфраструктура за престој на посетители на отворено збогатена со летниковци, елементи за подготовка на храна, спортски терени, рекреативни елементи, физичко оградување, паркинг-простор, тоалети и соодветно осветлување.<br><br>Истотака изградбата на ваквиот центар од отворен тип се очекува да продонесе за зголемување на атрактивноста на туристичката населба и зголемување на бројот на посетители и бројот на ноќевања во хотелско-угостителските објекти во регионот.<br><br>Не помалку важна во целиот проект е социјалната компонента и обезбедување простор и можност за активна мобилност на сите категории на население, дружење и практикување на спортско-рекреативни активности (предвидени се терен за фудбал и одбојка со тревна подлога, терен за кошарка со бетонска подлога и дрвени детски елементи за игра и сл.) преку уредување и обезбедување на услови за краткотраен престој и дружење (предвидени се летниковци, клупи и маси за одмор, елементи за скара и сл.) при што ќе се креира простор и создаде можност за зголемена социјална интеракција и/или инклузија на сите и особено на ранливите и недоволно инклузирани категории на население (лица со посебни потреби, деца од посиромашни фамилии, жртви на семејно насилство, стари лица и др.). |
| Регионален карактер на проектот: | Проектот „Реконструкција и изградба на Рекреативен центар од отворен тип на туристички локалитет „РАВНА РЕКА" – Пехчево Г.П – 9.11" има исклучително регионално значење чии ефекти најповеќе се манифестираат во општините Пехчево, Берово, |

| | |
|---|---|
| | Делчево, Македонска Каменица и Виница. Имено, туристичката населба „Равна Река" Пехчево која е оддалечена 12 км од градот Пехчево е своевиден центар од кој почнуваат или поминуваат сите туристичко-планинарски, велосипедски и др. типови на тури, односно локацијата на населбата и нејзините содржини се неодминлив дел на туристичкиот производ на хотелите, мотелите и на приватносто сместување особено од општините Пехчево и Берово.<br>Месноста „Бараки" во која е лоциран Рекреативниот центар од отворен тип „Равна Река", е во „срцето“ на туристичката населба „Равна Река", односно во непосредна близина на рекреативниот центар има околу 60-на изградени приватни викендици.Истотака според ДУП-от за туристичката населба „Равна Река" во неа се предвидени локации за 350 викенд-куќи и 4 хотели, што претставува огромен потенцијал за локален/регионален економски развој.Преку реконструкцијата и изградбата на рекреативниот центар ќе се даде голем поттик кон развојот на туризмот и угостителството во регионот и пошироко.<br>Во непосредна близина на рекреативниот центар од отворен тип „РАВНА РЕКА" – Пехчево се и прочуените Пехчевски водопади:<br>**Водопади Дебел Рид**, оддалеченост од локацијата на рекреативниот центар од отворен тип– 1,6 км<br>**Водопади Љутачка Река**, оддалеченост од локацијата на рекреативниот центар од отворен тип – 2,8 км<br>**Црнодолски водопади**, оддалеченост од локацијата на рекреативниот центар од отворен тип – 1,2 км (проект за уредување на Црнодолски водопади со пристапна патека и урбана опрема реализиран 2020 год. со средства на МЛС/БРР)<br>**Спиковски водопади**, оддалеченост од локацијата на рекреативниот центар од отворен тип – 1, 5 км.<br>Истотака:<br>**Населба Абланица Берово** оддалеченост од локацијата на рекреативниот центар од отворен тип – 3,5 км<br>**Беровско езеро** оддалеченост од локацијата на рекреативниот центар од отворен тип – 6 км.<br>Влијанието на предлог-проектот „Реконструкција и изградба на Рекреативен центар од отворен тип на туристички локалитет „РАВНА РЕКА" – Пехчево Г.П – 9.11 се огледа во позитивните економски ефекти кои ќе ги имаат проектните активности и кои ќе придонесат за развој на оваа недоволно развиено (маргинализирано) подрачје:<br>• (по)раст на бројот на посетители/туристи во поширокиот регион на Источен плански регион односно во рамки на микро-регионот Малеш – Пијанец (општини Пехчево, Берово и Делчево),<br>• (по)раст на бројот на вработени во угостителскиот сектор,<br>• промоција на домашното производство, земјоделски производи и продукти,<br>• поттикнување на локалната трговија,<br>• промоција на занаетчиството. |
| Главна цел на проектот: | Да се развие иновативен и интегриран туристички производ и да се поттикне руралниот туризам преку развој на заедничка и комплементарна туристичка понуда со модерна и атрактивна туристичка инфраструктура. |

| | |
|---|---|
| Специфични цели на проектот: | - Да се збогати туристичката понуда со реконструкција и изградба на рекреативен центар од отворен тип во туристичката населба „Равна Река" Пехчево<br>- Да се подобри достапноста на рекреациските, туристичките и здравствените функции на шумите и природните убавини на Источен плански регион за пошироката јавност;<br>- Да се промовираат туристичките потенцијали на Источен плански регион<br>- Да се потикне иновативната и едукативната страна во туристичката промоција и поддршка на концептот „Туризам преку сите сетила"<br>- Поврзување на туристичките понуди и содржини на (микро)регионално ниво<br>- Градење на партнерства за унапредување на туризмот и туристичката понуда во Источен плански регион |
| Активности на проектот: | - Подготовка на тендерска документација<br>- Распишување на јавна набавка и избор на изведувач<br>- Изведба на работите<br>- Технички прием и примопредавање на објектите и опремата |
| Очекувани резултати: | - Изградена туристичка инфраструктура во рамки на Рекреативниот центар од отворен тип во туристичката населба „Равна Река" Пехчево<br>- Зголемен број на посетители/туристи<br>- Изградени локални/регионални партнерства за развој и унапредување на туризмот<br>- Збогатена туристичка понуда и подобрена пристапност на туристичките потенцијали/ |
| Одржливост на проектот: | Одржливоста на проектот е обезбедена од страна на Локалната самоуправа која со соодветна Годишна програма и средства од локалниот буџет ќе се грижи за тековно одржување и инвестиции. Истотака, Јавното Комунално претпријатие КОМУНАЛЕЦ Пехчево ќе се грижи за редовно чистење и одржување на хигиената во рамки на Рекреативниот центар од отворен тип на туристичкиот локалитет „Равна Река" Пехчево. |
| Крајни корисници: | Проектот ќе обезбеди комплекс на рекреативен центар од отворен тип со многу содржини кој ќе можат да го посетуваат и користат посетители/туристи од општина Пехчево и околните општини, општините од Источен плански регион, од Македонија и странство.<br>Инфраструктурата ќе биде прилагодена за повеќе категории на посетители односно:<br>- Млади лица,<br>- Фамилии со мали деца<br>- Планинари, ентузијасти и љубители на природата,<br>- Спортисти и рекреативци<br>- Постари лица<br>- Лица во ризик и маргинализирани лица |
| Подготвеност на проектот за имплементација: | Обезбедена техничка документација |
| Вкупен буџет на проектот: | 6.000.000,00 со вклучен ДДВ |

# ПРЕДЛОГ ПРОЕКТ концепт
за финансирање од
**Програмата за рамномерен регионален развој 2022-2023 година**

**1. Општи податоци**

| | |
|---|---|
| Општина: | Делчево |

**2. Опис на проектот**

| | |
|---|---|
| Наслов на Проектот: | **Фекална канализција за туристички локалитет Голак, општина Делчево** |
| Стратегија за регионален развој на Република Македонија (2021-2031) | Стратешка цел 1: Порамнометно економски развиени, еколошки одржливи и конкурентни плански региони низ доследно спроведена паметна специјализација и посилно стимулирање на приватните инвестиции во синергија со јавните инвестиции<br>Приоритет 1.7 Намалување на негативните влијанија и подобрена заштита на животната средина во планските региони, постигнување поголема отпорност на климатските промени и водење на подинамичен и повеќекратно зголемен инвестициски циклус<br>Мерка 1: Развој и унапредување на инфраструктурата за водни услуги во сите плански региони (Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни комунални води) |
| Програма за развој на Источен плански регион (2021-2026) | Стратешка цел 1: Развој на конкурентна и иновативна регионална економија, преку осовременување на инфраструктурата, привлекување на инвестиции и работна сила прилагодена на потребите на пазарот на трудот<br><br>Приоритет 1.4: Подобрување на просторното и урбанистичко планирање и осовременување на инфраструктурата<br><br>Мерка 1.4.3. Подобрување и осовременување на постојната и изградба на нова комунална инфраструктура |
| Област:<br><br>Под област | Туризам и култура<br><br>Туристичка понуда во регионот |
| Краток опис на проектот:<br>(дефинирање на проблемот) | Големиот број на изградени и постојни објекти како и објектите кои се во фаза на градба и оние кои се во планската документација го наметна прашањето за решавање на фекалната канализација во овој туристички центар. Со канализацискиот систем ќе бидат опфатени околу 80 објекти или 1200 корисници. |
| Оправданост на проектот: | Општина Делчево има донесено детален урбанистички план за планината Голак. Истиот опфаќа 10 постоечки објекти и околу 80 нови објекти предвидени во самиот план. Корисници кои ќе имаат корист се 1200 лица опфатени со ДУП и граѓаните на Источниот плански регион кои го користат туристичкиот локалитет Голак со сите свои потенцијали кои што ги нуди на туристите. Објектите кои се изградени, оние кои се во фаза на градба и објектите кои што треба да бидат изградени немаат можност за решавање на отпадните води бидејќи планината не располага со систем и мрежа за фекална канализација. |

| | |
|---|---|
| Регионален карактер на проектот: | Туристичкиот локалитет Голак е еден од трите туристички центри во Источниот плански реегион кој има регионален карактер и се развива во насока за развој на туризмот во четири годишни времиња. Се наоѓа на крајниот исток на само 10 км од Делчево. До локалитетот води широк асфалтен пат од регионален карактер. Голак е планина која е посетена во сите четири годишни времиња како од туристи на регионот така и од целата земја и странство. |
| Главна цел на проектот: | Подобрување на комуналната инфраструктура преку изградба на фекална канализција во туристички локалитет Голак, општина Делчево |
| Специфични цели на проектот: | - Зачувување на животната средина на планината Голак<br>- Подобрување на условите за живот и престој на туристите во туристичкиот локалитет Голак<br>- Подобрување на условите за туризам |
| Активности на проектот: | - Распишување на јавна набавка<br>- Инфраструктурна изградба на канализацискиот систем 1 фаза |
| Очекувани резултати: | - Заштита на животната средина<br>- Склучени најмалку 50 договори за користење на системот од страна на хотели, викендици и друг вид на објекти<br>- Намалување на загадувањето на животната средина со фекалии за 80% |
| Одржливост на проектот: | Одржливоста на проектот е решена преку одржување на канализацискиот систем од страна на ЈКП „Брегалница“ преку склучување на договори со корисниците односно сопствениците на објекти на планината Голак. |
| Крајни корисници: | Крајни корисници се сопственици на објекти на планината Голак и граѓаните и туристите кои ја посетуваат планината Голак во текот на сите четири сезони. |
| Подготвеност на проектот за имплементација: | За успешна имплементација на проектот општината има изготвен ДУП, Основен проект, ревизија на проектот, во фаза на издавање е одобрението за градба |
| Вкупен буџет на проектот: | 10.129.664,45<br>10% кофинансирање |

# ПРЕДЛОГ ПРОЕКТ концепт
за финансирање од
**Програмата за рамномерен регионален развој 2022-2023 година**

## 1. Општи податоци

| | |
|---|---|
| Општина: | *Чешиново-Облешево* |

## 2. Опис на проектот

| | |
|---|---|
| Наслов на Проектот: | ***Заштита на животната средина преку изградба фекална канализација во с. Соколарци II фаза*** |
| Стратегија за регионален развој на Република Македонија (2021-2031) | *Приоритет 1.7: Намалување на негативните влијанија и подобрена заштита на животната средина во планските региони, постигнување поголема отпорност на климатските промени и водење на подинамичен и повеќекратно зголемен инвестициски циклус* |
| Програма за развој на Источен плански регион (2021-2026) | Стратешка цел 3 – Одржливо управување со животната средина и природните ресурси<br>Приоритет 3.3: Заштита на воздухот, водата и почвата;<br>Мерка 3.3.3: Заштита на површински и подземни води; |
| Област:<br><br>Под област | *Животна средина*<br><br>*Заштита на воздухот, водата и почвата* |
| Краток опис на проектот:<br>(дефинирање на проблемот) | *Село Соколарци е едно од поголемите населени места во општината. Се наоѓа на околу 7км од општинскиот центар Облешево. Од инфраструктура до селото води пристапен асфалтен пат, во селото има локален водовод.*<br>*Проектот претсатвува изградба на мрежа на фекална канализација во селото и одведување на фекалните води до локација предвидена за изградба на пречистителна станица*<br>*Примарната канализациона мрежа согласно проектната документација е со должина од 7720 метри, ИСТАТА Е СО ПРОФИЛ ОД од 200-од 315ММ. Колекторот е со должина од 420м, и истиот е со профил ОД 315мм.*<br><br>*Во овој момент проблемот со фекалиите во селото се решава засебно со септички јами индивидуално за секое домаќинство. Проблем се и селскостопанските објекти од кои за дел воопшто нема изградено септички јами и фекалиите се разлеваат на самите улици. Како загадувач од помал обем е и Млекарата Осогово Милк, една од поголемитње млекари во Источниот регион. Истите отпадните води, по претходно филтрирање ги испуштаат во блискиот канал кој потоа се влева во река Злетовица.*<br>*Поради обилните врнежи на дожд и високото ниво на подземни води се јавува проблем од мешање на фекалните отпадни води со пивката вода.* |

| | |
|---|---|
| | *Имајки го во предвид ова Советот на општината го стави ова како приоритетен проблем во општината.*<br><br>*Со средства од Програмата за регионален развој 2019 година изградена е I Фаза од фекалната канализација и тоа Крак К1 со должина од 1163,55м, крак К2 со должина од 1229м, крак К4 со должина од 397,17м, крак К4-1 со должина од 116,18м и колектор од 419,14м (пред третман)*<br>*За да може системот да се пушти во функција потребно е да се доизградат останатите краци во селото и да се изгради пречистителна станица за прочистување на отпадните фекални води.* |
| Оправданост на проектот: | *Изградбата на инфраструктура е многу важна за развојот на една општина. Без изградена водоводна и канализациона мрежа, без изградена патна инфраструктура не може да се зборува за развој на некое населено место.*<br>*До селото води пристапен асфалтен пат. Во близина на селото е предвидено да минува новиот експресен пат. Постои локален водовод.*<br>*Доколку се изгради и фекалната канализација поради местоположбата на селото, постои можност за привлекување на нови инвестиции во селото.*<br>*Село Соколарци е едно од поголемите населени места во општината.* |
| Регионален карактер на проектот: | *Во село Соколарци не постои систем за одведување на отпадните фекални води. Проблемот е решен со изградба на непрописно изведени септички јами. Поради близината на т.н. Ободен канал дел од домаќинствата одведувањето на фекалните води го имаат решено на тој начин што истите се испуштаат во каналот, кој поштоа се влева во Река Злетовица а Река Злетовица во месноста кај село Уларци се влева во Река Брегалница. Поради непрописно изведените септички јами и испуштањето на фекалиите индиректно во Река Брегалница, се загадува течението на Реката и се уништува живиот свет во истата во нејзиниот среден и долен тек.* |
| Главна цел на проектот: | *Подобрени услуги на граѓаните во делот на комуналата инфраструктура* |
| Специфични цели на проектот: | *Одвеување (и третман) на отпадни фекални води, преку изградба на Фекална канализација во село Соколарци II Фаза (со вкупна должина од 4395,73)* |
| Активности на проектот: | *1. Распишување на јавна набавка за избор на економски оператор за изградба на фекална каналзиација за с.Соколарци II Фаза*<br>*2. Склучување на Договор*<br>*3. Градежни активности*<br>*4. Завршен Извештај*<br>*5. Пуштање во употреба на системот* |
| Очекувани резултати: | *Економски:*<br>*Отварање на нови индистриски капацитети*<br>*Зајакнување на капацитетите на јавното претпријатие*<br>*Еколошки:*<br>*Заштита на животната средина*<br>*Заштита на води на река Злетовица и река Брегалница*<br>*Заштита на подземни води*<br>*Социјални:*<br>*Можност за отварање на нови работни места во ЈПКД „Облешево“ и во други новоотворени индустриски капацитети* |

| | |
|---|---|
| Одржливост на проектот: | *ЈПКД „Облешево“ ќе стопанисува и управува со објектот „Фекална канализација во с.Соколарци“.*<br>*За користење на објектот ќе се наплаќа комунална такса, утврдена со ценовник од страна на Советот на општина Чешиново-Облешево.*<br>*Средствата ќе бидат доволни за тековно одржување на објектот.* |
| Крајни корисници: | *Директни корисници: Жители на село Соколарци*<br>*Вработени во индустриските капацитети во село Соколарци*<br>*Индиректни корисници: Жители на поширокиот регион* |
| Подготвеност на проектот за имплементација: | *Основен проект за фекална канализација за с.Соколарци, Тех.бр. 05-12/14*<br>*Ревизија на Основен проект, Тех.бр. 15/11/018-Р*<br>*Елаборат за заштита на животна средина, Тех.бр. 01-Е-15*<br>*Решение за одобрување на Елаборат за заштита на животна средина, Уп1 бр.22-4 од 03.03.2015*<br>*Издвоена предмер пресметка бр. 03-428/1 од 02.03.2022*<br>*Одобрение за градба Уп1 бр.22-7 од 02.03.2022год* |
| Вкупен буџет на проектот: | ***18.214.103,00 ден*** |

**ПРЕДЛОГ ПРОЕКТ концепт**
за финансирање од
**Програмата за рамномерен регионален развој 2022-2023 година**

## 1. Општи податоци

| | |
|---|---|
| Општина: | Кочани |

## 2. Опис на проектот

| | |
|---|---|
| Наслов на Проектот: | Уредување на СРЦ Пониква |
| Нацрт Стратегија за регионален развој на Република Македонија (2021-2031) | Стратешка цел 1: Порамномерно економски развиени, еколошки одржливи и конкурентни плански региони низ доследно спроведена паметна специјализија и посилно стимулирање на приватните инвестиции во синергија со јавните инвестиции;<br>Приоритет 1.3: Изградба на транспортна, телекумуникациска и енергетска инфраструктура со порамномерна дистрибуција во планските региони. |
| Програма за развој на Источен плански регион (2021-2026) | Стратешка цел 5: Зацврстување на Источен плански регион како атрактивна туристичка дестинација;<br>Приоритет 5.2: Подобрување на туристичката инфраструктура во регионот. |
| Област:<br>Под област | Туризам;<br>Инфраструктура. |
| Краток опис на проектот:<br>(дефинирање на проблемот) | Поради поволната клима Пониква претставува извонредно место за развој на летен и зимски туризам. На територијата на двете соседни општини Кочани и Пробиштип се изградени неколку сместувачки капацитети, спортско рекреативни објекти, ски патеки со ски лифтови, викенд населба, а посебна привлечност нуди ловниот резерват Осогово со трофеен дивеч. Природните убавини, еколошката чистота и богатството со дивеч се одлични предуслови овој дел од Осоговските планини да се развие во европски туристички центар. Со еден збор кажано компаративни предности за прераснување на овој локалитет во препознатливо место постојат и истите треба да се искористат.<br>Иако локалитетот Пониква е атрактивен, денеска е недоволно развиен, а се работи за единствен зимски туристички локалитет источниот дел на Република Северна Македонија. Постоечката туристичка инфраструктура е недоволно развиена и има недостаток од дополнителни содржини  кои би се понудиле на туристите и во останатите сезони во годината освен во зимскиот период.<br>Општина Кочани и ЦРИПР досега имаат вложено за развојот на туризмот на Пониква преку изработка на студии и техничка документација, реконструкција и опремување на Туристички Инфо Центар, реконструкција на регионалниот патен правец до Пониква, реконструкција на ски лифтовите, реконструкција на планинарскиот дом на Пониква и овој проект ќе биде дел од напорите за подобрување на условите за развој на туризмот на Пониква. |
| Оправданост на проектот: | Бидејќи во последните три години значително е зголемен бројот на туристи на Пониква, со реализирање на овој проект ќе се создадат услови за побрз развој на туризмот на Пониква и збогатување на |

| | |
|---|---|
| | туристичката понуда со нови содржини со што туристите би ја посетувале Пониква преку целата година. Од посебен интрес на општината е опремувањето на планинарскиот дом со што истиот би се ставил во фуннкција на туристите. |
| Регионален карактер на проектот: | Спортско рекреативниот центар Пониква кој се наоѓа на надморска височина од 1580 м во предел со густа букова шума и разновидна вегетација е единствен ски центар во ИПР и е зацртан како еден од 34-те зимски туристички центри во просторниот план на Република Северна Македонија. Сите општини од регионот имаат интерес од развој на овој спортско рекреативниот центар. |
| Главна цел на проектот: | Зголемување на атрактивноста и подобрување на туристичката инфраструктура, како и збогатување на туристичката понуда за посетителите на Спортско рекреативниот центар Пониква преку целата година. |
| Специфични цели на проектот: | - Да се подобри на патната инфраструктура во СРЦ Пониква;<br>- Да се збогати туристичката понуда на СРЦ Пониква со нови содржини;<br>- Да се стави во функција планинарскиот дом на Пониква. |
| Активности на проектот: | - Изградба на една улица во должина од 340 м во викенд населбата во СРЦ Пониква;<br>- Набавка на мебел за опремување на реконструираниот планинарски дом на Пониква. |
| Очекувани резултати: | - Подобрена туристичка инфрастуктура на Пониква;<br>- Збогатена туристичка понуда за посетителите на Пониква;<br>- Отворен планинарскиот дом на Пониква;<br>- Зголемен број на туристи на Пониква. |
| Одржливост на проектот: | По изградбата на улицата која е во сопственост на општина Кочани, тековното одржување и финансирање во иднина ќе биде превземено од страна на Општина Кочани во чија надлежност спаѓа редовното одржување преку соодветни програми со што е обезбедена одржливоста на проектот.<br>По опремувањето на планинарскиот дом, истиот ќе биде ставен во функција и ќе биде управуван од новоформираниот правен субјект Општинска Јавна Установа „Мулти културен центар“, со што ќе биде самоодржлив. |
| Крајни корисници: | Потенцијалните туристи од земјава и странство кои ќе ја посетат Пониква;<br>Сите жители на 11 општини во Источниот Плански Регион. |
| Подготвеност на проектот за имплементација: | - Основен проект за Изградба на пристапни патишта и паркиралишта на СРТЦ Пониква;<br>- Техничка спецификација за набавка на мебел за планинарскиот дом на Пониква. |
| Вкупен буџет на проектот во МКД со вклучен ДДВ: | Изградба на улица: 8.800.000 денари.<br>Опремување на планинарскиот дом: 1.750.000 денари.<br>ВКУПНО: 10.550.000 денари. |
| Сопствено учество: | 5% |

# ПРЕДЛОГ ПРОЕКТ концепт
за финансирање од
**Програмата за рамномерен регионален развој 2022-2023 година**

## 1. Општи податоци

| | |
|---|---|
| Општина: | *Чешиново-Облешево* |

## 2. Опис на проектот

| | |
|---|---|
| Наслов на Проектот: | ***Инфраструктура во Индустриска зона Облешево – Урбан блок 4 Облешево*** |
| Стратегија за регионален развој на Република Македонија (2021-2031) | *Стратешка цел 1: Порамномерно економски развиени, еколошки одржливи и конкуренти плански региони низ доследно спроведена паметна специјализација и посилно стумулирање на приватните инвестиции во синергија со јавните инвестиции*<br>*Приоритет 1.7: Намалување на негативните влијанија и подобрена заштита на животната средина во планските региони, постигнување поголема отпорност на климатските промени и водење на подинамичен и повеќекратно зголемен инвестициски циклус* |
| Програма за развој на Источен плански регион (2021-2026) | *Стратешка Цел 1: Развој на конкурентна и иновативна регионална економија, преку осовременување на инфраструктурата, привлекување на инвестиции и работна сила прилагодена на потребите на пазарот на трудот;*<br>*Приоритет 1.1: Поттикнување на домашните инвестиции и привлекување на странски инвестиции во сектори со конкурентска предност;* |
| Област:<br><br>Под област | *Инфаструктура*<br><br>*Индустриски зони* |
| Краток опис на проектот:<br>(дефинирање на проблемот) | *Општина Чешиново-Облешево има изготвено Урбанистички план за индустриска зона Урбан блок 4 во с.Облешево. Индустириската зона е лоцирана на влезот во с.Облешево од десна страна на Магистралниот пат А3.*<br>*Со планот се дефинирани 13 парцели со намена на земјитето Г2-лесна и незагадувачка индустрија. По пат на јавно наддавање парцелите се оттуѓени и течат законските рокови за изградба на објектите. Извадени се одобренија за градба за изградба на откупно дистрибуитивен центар за земјоделски производи, фабрика за ориз, салон за мебел, вулканизерска работилница и др.*<br>*За да отпочнат со градба потребно е изградба на инфраструктура (улици, водовод, канализација...)* |
| Оправданост на проектот: | *Изградбата на инфраструктура е многу важна за развојот на една општина. Без изградена водоводна и канализациона мрежа, без изградена патна инфраструктура не може да се зборува за економскиот развој на некое населено место.*<br>*Доколку се изгради инфраструктурата во индустриската зона, поради местоположбата на селото, постои можност за привлекување на нови инвестиции во селото.*<br>*Село Облешево е најголемо населено место во општината.* |
| Регионален карактер на проектот: | *Со изградбата на инфраструктурата во индустриската зона, забрзано ќе се одвива и изградбата на индустриските капацитети во истата.* |

| | |
|---|---|
| Главна цел на проектот: | *Поттикнување на економскиот развој во општина Чешиново-Облешево преку изградба на инфраструктура во индустриската зона* |
| Специфични цели на проектот: | *Изградба на патна мрежа во индустриската зона*<br>*Изградба на водоводна мрежа во индустриската зона*<br>*Изградба на канализациона мрежа со пречистителна станица во индустриската зона*<br>*Изградба на атмосферска канализација во индустриската зона*<br>*Поставување на улично осветлување во ундустриска зона* |
| Активности на проектот: | *1. Распишување на јавна набавка за избор на ЕО за изградба*<br>*2. Склучување на Договор*<br>*3. Градежни активности*<br>*4. Завршен Извештај*<br>*5. Пуштање во употреба* |
| Очекувани резултати: | ***Економски:***<br>*Отварање на нови индистриски капацитети*<br>*Зајакнување на капацитетите на јавното претпријатие*<br>***Еколошки:***<br>*Заштита на животната средина*<br>*Заштита на подземни води*<br>***Социјални:***<br>*Можност за отварање на нови работни места во новоотворени индустриски капацитети* |
| Одржливост на проектот: | *ЈПКД „Облешево“ ќе добие уште еден систем со кој ќе управува (водовод, канализација) со тоа ќе остварува приходи и ќе има можност за нови вработувања.*<br>*За користење на објектот ќе се наплаќа комунална такса, утврдена со ценовник од страна на Советот на општина Чешиново-Облешево.*<br>*Средствата ќе бидат доволни за тековно одржување.* |
| Крајни корисници: | *Со изградбата на инфраструктурата во индустриската зона, забрзано ќе се одвива и изградбата на индустриските капацитети капацитети во истата. Законскиот рок за изградба на истите истекува. Со изградбата на индустриските капацитети ќе се отворат нови работни места, со то во голема мера ќе се спречи миграцијата од овие населени места.* |
| Подготвеност на проектот за имплементација: | *Елаборат од извадени геомеханички истражни работи и лабораториски испитувања, тех. бр. ПРР 088-10-20*<br>*Основен проект за водоводна мрежа, тех.бр. ПРР 088-10-20*<br>*Основен проект за фекална канализација, Тех.бр. ПРР 088-10-20*<br>*Основен проект за пречистителна станица за отпадни води, Тех.бр. ПРР 088-10-20* |
| Вкупен буџет на проектот: | ***12.327.731,99 ден*** |
| Кофинансирање: | ***10%*** |